Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**УПАТСТВО**

**за ракување со материјали за тестирање и хартиени документи а во врска со спречување на ризикот од ширење на вирусот Covid-19 на вработените на Факулетот за ветеринарна медицна во Скопје**

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
20.03.2020
03 458/2

## 1. Цел

Целта на работното упатство е да се спречи ризикот од ширење на вирусот Covid-19 кај/помеѓу вработените на Факулетот за ветеринарна медицна во Скопје (ФВМ-С) вклучително и административната служба, кој може да произлезе од ракување со мострите при прием во применото оделение, ракување со хартиените барања и документи кои ја следат мострата, потпишување на известувањата од тестирањето од раководителите на лабораториите, нивните заменици и раководител на институти, ракување и дистрибуција на длабоко замрзнато семе и опрема за вештачко осеменување, архивското работење и прем на роба во магацинот на ФВМ-С. Со ова упатство се спречува евентуална инфекција кај вработените со вирусот преку примените материјали, документи и контакт со коминтенти во кој случај би се нарушила активноста на ФВМ-С, според препораките кои ќе бидат наложени од државните органи на РС Македонија. Овие мерки мора строго да се почитуваат поради дејноста на факултетот и неговото значење како јавна установа од национален интерес.

## 2. Опсег/Поле на апликација

Од момент на прием на материјалите за анализа и прием на хартиените барања и документи, до потпишување на известување од тестирање и пакување и испраќање на писмените материјали. Исто така ова упатство се применува и при комуникација со коминтенти, земање на мостри на терен и дистрибуција на длабоко замрзнато семе и опрема, прием на пошта и магацинско работење.

## 3. Дефиниции и акроними

- Covid-19 - *corona virus disease 2019* (корона-вирусна болест 2019)
- Спречување на ризик од ширење на Covid-19, дефинирани со мерките од Владата на РС Македонија и препораките од кризниот штаб на ФВМ-С.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- 

**4. Одговорности**

Деканот, Раководителот на институтот, во соработка со Раководителите на лабораториите и приемното одделение, превземаат неопходни мерки за спречување на ризикот од ширење на вирусот. Овие лица се одговорни за обезбедување и дистрибуција на средствата за заштита, контрола на нивна примена и непочитување односно неприменување.

**5. Упатства/постапка**

**5.1 Приемно одделение**

Приемот на материјали се врши исклучиво преку шалтерот на приемното одделение. Вратите за влез во делот на вработени од приемното одление се заклучени за странки во текот на целото време. Вработените користат маски и заштитни ракавици при прием и ракување со материјалите (мостри и хартиени записници). По приемот на мострите, онаму каде е тоа применливо, истите се прскаат со 2% дезинфициенс обезбеден од ФВМ-С кој се остава да делува 5 минути (време пропишано од производителот). Хартиениот записник-барање за анализа, се ракува со ракавици при приемот како и при внесувањето на податоците од него во лабораторискиот софтвер. Онаму каде е тоа применливо, мострите се предаваат по лаборатории во пластични кутии кои се дезинфицираат по секое користење или пластични кеси обезбедени од ФВМ-С. Картонските кутии во кои се доставуваат мострите се третираат како медицински отпад, односно се пакуваат во жолти кеси означени со Biohazard.

Покрај приемното одделение, и сите други влезни и излезни врати како и скали до и од зградата на ФВМ-С задолжително се дезинфицираат со 2% дезинфициенс на секои 2 часа во тек на работното време или најмалку 2 пати во денот. За извршената дезинфекција, вработениот води евиденција во формулар обезбеден од Раководителот на институтот.

**5.2 Лаборатории**

По приемот на мострите во лабораториите, истите се ракуваат со ракавици, заштитен мантил и по потреба заштитна маска. Во текот на работењето не смее да се допира лицето.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

По завршување на обработката на мострите, истите се пакуваат во кеси обезбеднени од ФВМ-С и се складираат во ладилник или замрзнувач, или веднаш се пакуваат во жолти кеси означени со *Biohazard* и се отстрануваат како медицински отпад.

Мора да се има во предвид дека согласно постоечките податоци, вирусот Covid-19 може да преживее на површини во период од неколку дена до неколку недели и затоа треба да се внимава на пренос на контаминација. Поради тоа, покрај тековните процедури на деконтаминација и дезинфекција, се воведува задолжителна дезинфекција на подови, површини, врати, мијалници, чешми, работни маси и канти за отпадоци најмалку еднаш во текот на денот (а по потреба и повеќе пати). Раководителите/замениците на лабораториите ги потпишуваат известувањата од тестирање со заштитни ракавици (со оглед на тоа што во предметот има и записник/барање од коминтентот во хартиена форма). Во текот на потпишувањето не смее да се допира лицето. По потпишувањето се дезинфицира површината од бирото и пенкалото а ракавиците нештетно се отстрануваат.

Картонските кутии во кои се доставуваат мострите, нештетно се отстрануваат и третираат како медицински отпад.

### 5.3 Админстратив служба

При манупулација со записниците добиени во хартиена форма од комитентот и изготвените известувања од тестирање се користат заштитни ракавици. Во текот на денот, периодично но и секогаш кога за тоа има потреба, се пребришува бирото со дезинфициенс во концентрација од 2% (овозможен од ФВМ-С). Папките во кои се собираат предметите се менуваат при секоја нова група на документи, најмалку еднаш во денот а по потреба и почесто. Вработените кои ракуваат со овие документи носат заштитна униформа (мантил).

### 5.4 Транспорно возило

Возило со кое се пренесуваат мострите мора да се дезинфицира од надвор и од внатре при поаѓање и при враќање од пат, и секој пат кога ќе се процени дека за тоа постои потреба. Кутиите за ладење, боците за течен азот и контејнерите за чување на длабоко замрзнато семе и товарнниот простор се исто така предмет на дезинфекција, како што е претходно наведено за возилото. За овие потреби, возилото е обезбеднено со соодветна пумпа и дезинфициенс. За извршената дезинфекција на возилото, вработениот води



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

евиденција во формулар обезбеден од Раководителот на институтот. Вработениот кој го управува возилото, должен е да се заштити себеси особено во текот на земањето одн. примопредавањето на мострите и истиот треба да носи заштитна маска, ракавици и заштитна облека (мантил). Мострите се земаат во договор со комитентите по можност на едно договорено собирно место/пункт, или официјалниот ветеринар одн. лице овластено од него директно ги става мострите во возилото за транспорт. Доколку постои можност, мострите се прскаат при прием во возилото со дезинфициенс во концентрација од 2% обезбеден од ФВМ-С. Вработениот, за лична сигурност, има обезбеден и дезинфициенс со кој секојпат кога е потребно врши дезинфекција на рацете (и евентулано кожата на лицето). Во текот на работењето со мострите се забранува допирање на лицето. По земањето на мострите, истите се сместуваат на соодветна температура во ладилник/замрзнувач. Ладилникот или замрзнувачот се дезинфицираат најмалку еднаш во текот на денот, а по потреба и повеќе пати. При тоа се води сметка дезинфекцијата да ги опфати и рачките за отварање на ладилникот/замрзнувачот. За извршената дезинфекција се води евиденција во формулар обезбеден од Раководителот на институтот. Сите отпадни материјали по завршување на денот се острануваат како медицински отпад и се пакуваат во жолти кеси означени со Biohazard.

### 5.5 Централен магацин на ФВМ-С

Централниот магацин на ФВМ-С ги известува сеите доставувачи на роба дека истата пред да ја донесат/испорачаат да се најават на лицето кое работи во централниот магацин. Робата се доставува до влезната врата на ФВМ-С. Лицата кои ја доставуваат робата не смеат да влезат во просторот на ФВМ-С. По приемот, вработениот во централен магацин со заштитни ракавици, маска и мантил ја прима и ја распределува робата во магацин. Целовкупниот амбалажен материјал кој треба да се отстрани од магацинот се пакува во жолти кеси и се отстранува. По приемот се врши дезинфекција со препорачан дезинфициенс на површините и за тоа се води евиденција.

## 6. Референтни документи

- Препораки од светска здравствена организација (WHO)



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- Препораки од влада на РС Македонија за мерки за превенција на ширење на Covid-19
- Мерки од кризен штаб на ФВМ-С за превенција од ширење на Covid 19

Ова упатство се применува заедно со следниве документи, кои се дел од системот ISO 17025: Работно упатство (РУ) за Безбедност во лабораториите, РУ за Чистење дезинфекција и деконтаминација, РУ за За чистење во ТСЕ, РУ за Биосигурност во ТСЕ лабораторија, РУ за Биосигурност во лабораторија за микробиологија ВИ, РУ за Биосигурност во лабораторија за беснило, РУ за безбедност при работа во лабораторија за Аналитичка хемија на храна, РУ за безбедност при работа во лабораторија за Резидуи и контаминенти, РУ за Биосигурност во лабораторија за Микробиологија на храна, РУ за Биосигурност во лабораторија за Квалитет на сирово млеко и РУ за Биосигурност во лабораторија за Молекуларна дијагностика на храна. Ова упатсво се применува и согласно процедурата за работа при дистрибуција на длабоко замрзнато семе, манипулација со длабоко замрзанато семе и манипулација со течен азот.

## 7. Пристап до работно упатство

Упатството е дистрибуирано до сите вработените на кои се однесува и стапува на сила со датумот на носењето. Ова работно упатство е на сила додека не престане ризикот од ширење на Covid -19.

Во Скопје, 20.3.2020 година

Кризен штаб на ФВМ-С за превенција од ширење на Covid 19
Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски, ДВМ



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk